У-5.бр.2200/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски - судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-693/7 од 14.11.2018 година, за јавна набавка, на седницата одржана на 28.11.2019 година донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-693/7 од 14.11.2018 година, СЕ ПОНИШТУВА.

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-693/7 од 14.11.2018 година, на Државната комисија за жалби по јавни набавки се одбива како неоснована жалбата на тужителот ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката бр.05-1865/18 од 24.10.2018 година за избор на најповолна понуда, донесена во постапката со Огласот за Барање за прибирање на понуди бр.05- 1865/2018, за доделување на договор за јавна набавка на работи – поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на дел од уличната мрежа во Општина Чаир, на договорниот орган Општина Чаир.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено, поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека договорниот орган сторил битни повреди на постапката за доделување на договор за јавна набавка, ги повредил одредбите од Законот за јавните набавки, како и довел до ограничување на конкуренцијата. Имено, тужителот наведува дека договорот за јавна набавка бил објавен како набавка чиј предмет се работи што е спротивно на член 16 став 2 од Законот за јавните набавки според кој кога поголемиот број на ставки на набавка се стока, а со активности за нивно поставување и вградување, треба да се водат како договор за јавна набавка стоки, а не работи како во наведениот оглас. Имено, евидентно било во други јавни објави од други јавни набавки дека договорниот орган за ист вид на набавка како овој го објавувал како предмет на јавна набавка за стоки. Понатаму, тужителот наведува дека во текот на постапката, во рокот за поставување на прашања, поставил прашање во врска со незаконски поставен критериум спротивен

на член 144 став (2) од Законот за јавните набавки, односно во тендерската документација во делот за докажување вршење на професионална дејност, договорниот орган поставил критериум со барање економскиот оператор покрај ДРД да поседува Лиценца Б за изведувач на градби од втора категорија согласно важечкиот закон за градење во Република Македонија. Во поставеното прашање тужителот реагирал за незаконски поставен критериум бидејќи соодветно со Законот за градење, дејноста на тужителот се обавува без лиценци и овластувања и соодветно праксата од истиот од формирањето во 2005-та година до денеска, тужителот учествувал во сите јавни набавки поврзани со неговата дејност,сообраќајна сигнализација, хоризонтална и вертикална со докажување со ДРД на професионалната дејност поврзана со предметот на јавната набавка.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавните набавки и со Известување У-5.бр.2200/2018 од 15.03.2019 година, го повика избраниот понудувач Бојта Инг ДООЕЛ - Скопје, како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба меѓутоа доставницата е вратена до судот со назнака „известен не побарал" што се смета дека истиот уредно бил известен.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до тужителот како и до заинтересираното лице како би се запознале со содржината на истиот, кој уредно го примиле, меѓутоа не доставиле произнесување по истиот .

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган спровел постапка за јавна набавка преку Оглас бр.05-1865/2018 со Барање за прибирање на понуди за набавка на работи – поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на дел од уличната мрежа во Општина Чаир, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.05- 1865/2 од 17.09.2018 година. Во однос на критериумите за утврдување на способност, договорниот орган предвидел докажување на личната состојба, способноста за вршење на професионална дејност и техничка или професионална способност. Предметот на постапката за јавната набавка не бил делив. Постапката се спроведувала во електронска форма и завршила со спроведување на електронска аукција како последна фаза на постапката. Во тендерската документација договорниот орган предвидел критериум за избор – најниска цена, а од понудувачите било побарано да доставaт Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудите и 5% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

До крајниот рок за поднесување на понудите 08.10.2018 година во 10:00 часот пристигнале вкупно две (2) понуди на понудувачите: „БОЈТА ИНГ" ДООЕЛ Скопје и „ВИА СИГНАЛ" ДООЕЛ Скопје, за што бил изготвен Записник од отворањето на понудите бр.05-1865/11 од 08.10.2018 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган ги проверила економските оператори дали им е издадена негативна референца на ЕСЈН и потоа извршила проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди, при што понудата на економскиот оператор „ВИА СИГНАЛ" ДООЕЛ Скопје била оценета за неприфатлива, а единствениот

прифатлив понудувач „БОЈТА ИНГ“ ДООЕЛ Скопје го поканила да поднесе конечна цена преку ЕСЈН, по чие што спроведување и врз основа на Извештајот од поднесување на конечна цена и Извештајот од спроведена постапка, до одговорното лице на договорниот орган бил поднесен предлог за избор како најповолна да биде избрана понудата на економскиот оператор „БОЈТА ИНГ“ ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган и била донесена Одлука бр.05-1865/18 од 24.10.2018 година за избор на најповолна понуда.

Незадоволен од вака донесената Одлука за избор на најповолна понуда, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјавил економскиот оператор „ВИА СИГНАЛ“ ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 211 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната Комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на тужителот се одбива како неоснована.

Судот наоѓа дека туженият орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007...83/2018), со овој закон особено се обезбедува: конкуренција меѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Согласно член 100 од Законот за јавните набавки: „(1) Договорниот орган може да спроведе постапка со барање за прибирање на понуди со објавување наоглас во ЕСЈН кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ. (2) При спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, соодветно се применуваат одредбите од овој закон, освен ако во овој дел поинаку не е уредено.“

Согласно член 101 од Законот за јавните набавки. „Во постапката со Барање за прибирање на понуди договорниот орган изготвува поедноставена тендерска документација која задолжително содржи технички спецификации на предметот на договорот за јавна набавка и информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите.“

Согласно член 102 став (3) од Законот за јавните набавки: „(3) Во постапката со барање за прибирање на понуди каде што проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ, се спроведува јавно отворање на понудите, при што соодветно се применуваат одредбите од Главата VII Дел 1 оддели 2, 3 и 4 од овој закон. (4) Во постапката со барање за прибирање на понуди економските оператори својата лична состојба ја потврдуваат со поднесување на изјава. (5) Пред донесување на одлуката за избор на најповолна

понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен до комисијата за јавна набавка да ги достави документите за потврдување на неговата лична состојба, дефинирани во поедноставената тендерска документација. (6) Комисијата за јавна набавка прифаќа документи за утврдување на личната состојба од ставот (5) на овој член кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна до денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. (7) Ако економскиот оператор не ги достави документите од ставот (5) на овој член во рокот утврден од страна на комисијата за јавна набавка, или истите се невалидни или несоодветни за утврдување на личната состојба, ќе се смета дека понудувачот ја повлекол својата понуда што резултира со издавање негативна референца, а комисијата за јавна набавка го поканува наредниот рангиран економски оператор или дава предлог за поништување на постапката. (8) Во постапката со барање за прибирање на понуди не се дозволени алтернативни понуди.“

Согласно член 162 став 1 и 2 од наведениот закон, договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука, врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација, ако понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способноста. Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество.

Согласно член 210 став 1 алинеа 10 и 11 од истиот закон, битни повреди на законот во постапките за доделување на договор за јавна набавка се, ако: е извршен избор на понуда која не е најповолна и е извршен избор на неприфатлива понуда.

Согласно член 211 од наведениот закон, во постапката за правна заштита Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност и во поглед на битните повреди пропишани во член 210 од овој закон.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд, при донесувањето на сега оспореното решение, тужениот орган погрешно постапил кога одлучил како во диспозитивот на оспореното решение, со образложение дека постапувајќи по службена должност согласно член 211 од Законот за јавните набавки, проверувајќи ги писмените докази од спроведена постапката за доделување договор за јавна набавка, не нашол сторена битна повреда на постапката за доделување договор за јавна набавка од член 210 од Законот за јавните набавки.

Наведеното од причини што, видно од списите на предметот произлегува дека договорниот орган по спроведената постапка за Барање за прибирање на понуди број 05-1865/4 од 20.09.2018 година донел Одлука бр.05-1865/18 од 24.10.2018 година за избор на најповолна понуда, каде за најповолен понудувач, односно за носител на јавната набавка, е избран сега тужителот ВИА СИГНАЛ ДООЕЛ Скопје, додека видно од останатата документација, поточно Извештајот од спроведената постапка бр.05-1865/16 од 24.10.2018 година, како и Известувањата за избор на најповолен понудувач заведени под број 05-1865/19 од 24.10.2018 година, кои биле испратени до тужителот и до понудувачот Бојта Инг ДООЕЛ Скопје, произлегува дека за најповолен понудувач е избран економскиот оператор Бојта Инг ДООЕЛ

Скопје. Со вака донесената Одлука за избор на најповолен понудувач, со која е извршен избор на понуда која не е најповолна односно неприфатлива, а имајќи предвид дека истата претставува акт врз основа на кој потоа се склучува Договорот за јавна набавка со најповолниот понудувач, Судот најде дека договорниот орган сторил битни повреди согласно одредбите од член 210 став 1 алинеи 10 и 11 од Законот за јавните набавки, кои ја прават спроведената постапка за јавна набавка целосно нејасна и контрадикторна, а на кои по службена должност согласно член 210 од Законот за јавните набавки, бил должен да внимава и тужениот орган.

При ваква правна и фактичка состојба на работите, Судот наоѓа дека оспореното решение е незаконито.

При повторното постапување и одлучување тужениот орган е должен да ги има предвид укажувањата на судот содржани во оваа Пресуда и должен е да постапи по истите односно по службена должност да ги цени сторените битни повреди на постапката за јавна набавка, па врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба да донесе правилно и на закон засновано решение.

Согласно член 7 б од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови (Сл.весник на РМ бр.150/10), во управен спор странките сами ги надоместуваат трошоците кои ги предизвикале со свое дејствие, поради што барањето на тужителот за надомест на трошоците на постапката е неосновано.

Врз основа на изнесеното, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Управниот суд на 28.11.2019 година под У-5.бр.2200/2018

Записничар - судски соработник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител,
- тужен орган
- заинтересирано лице - Бојта Инг ДООЕЛ

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

НК/

Република Северна Македонија Управен суд Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Gjykata Administrative Shkup
Согласно на оригиналот
... судска ... писарница